РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
бр. УП-I-10-11
18.04.2023 год.
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот К. Ш. К, со број УП-1-10-11 од 06.04.2023 година, Градоначалникот на Општина Ресен на ден 18.04.2023 го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер**, од К. Ш. К. заверено под број УП-1-10-11 од 06.04.2023 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата К.Ш.К, преку електронска пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 06.04.2023 година заверено под број УП-1-10-11 со кое побара Завршна сметка на Општина за 2022 година со вклучени биланс на приходи и биланс на расходи, на е-маил да му биде доставено електронски запис од побараната информација.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**